

# УВОДНИ СТИХОВИ

ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА

3/2026

*Сабота, 4 јули 2026*

## 1. НОВА ВИСТИНА

*„Сите згрешија и лишени се од славата Божја.“*
Римјаните 3,23

Одвреме-навреме некој научник ќе објави некое тврдење како оригинален придонес за човечката наука. И му честитаме – ако тоа навистина се смета како придонес. Меѓутоа, често се случува таквото ново откритие да биде само некоја стара вистина која Библијата ја изнесува со векови.

Еден социолог рекол: „Наш познат стручњак вели дека 98% од Американците не функционираат нормално. Несомнено има право. Тој само го открил оригиналниот грев, но сепак на одреден начин и греши бидејќи ни останатите 2% не функционираат како што треба.

Тоа „откритие“ кое кажува дека луѓето, според современиот речник, „не функционираат“, е само повторување на изјавата на апостолот Павле кој напишал: „Сите згрешија и лишени се од славата Божја.“

Што да се преземе во поглед на таа сеопшта неспособност да функционираме како што треба во нашиот заемен однос со Бога и еден со друг? Истражувачите непрекинато нудат нови методи како најлесно да се пребродат неуспесите и неусогласеноста со околината. Постои, меѓутоа, само едно средство кое помага да се отстранат вечните последици од гревот и кое обезбедува победа над гревот. Тоа е пораката на Божјата милост која дејствува во нашиот живот кога, со вера, лично ќе му се предадеме на Исуса Христа.

Дали одново сте ја откриле таа стара вистина?

Му благодарам на Бога што ни ја открил оваа значајна вистина. Бидејќи, додека не го увидиме својот грев, не можеме да ја согледаме ни нашата потреба за Спасител.

*Сабота, 11 јули 2026*

## 2. БЛАГОСЛОВЕНИ ЗА ДА БЛАГОСЛОВУВАМЕ

*„Ќе ги благословам оние, што тебе ќе те благословуваат.“*
1. Мојсеева 12,3

Додека ја читаме 12 глава од 1. Мојсеева, посебен впечаток ни оставаат зборовите на стих 3. На прв поглед мислите ни ги окупира ветувањето на Аврам и израелскиот народ, што може да предизвика да ја пропуштиме практичната примена на тој текст на животот на современиот христијанин.

Бог му рекол на Аврам: „Јас ќе те благословам тебе, а ти ќе бидеш благослов за другите“. Бил благословен за да ги благословува другите! Она што тој го примил, не било само за него, туку и за доброто на другите.

Исто е со денешните верници. Бог направил големо дело во животот на христијаните со својата милост и сака таа милост да ја споделиме со другите. Христијаните, кои поверувале во Исуса Христа и ја примиле благодатта на спасението, спасени се за да ги спасуваат другите. Иако нашиот однос со Исуса Христа ни дава лична радост, Тој нè спасил за да одиме во светот и да го објавуваме Евангелието на секое суштество. Бог нè теши во нашите неволји и маки, за и ние да можеме да ги „утешуваме оние, кои се наоѓаат во каква и да е неволја, со утехата со која Бог нè утешува нас самите“ (2. Коринќаните 1,4).

Благословени сте за да бидете благослов за другите. Да не го заборавиме тоа! Оваа сабота нека биде ново искуство на одмор и секој благослов нека нè исполни со нова радост и желба тоа искуство да го доживеат и другите преку нашата грижа за нив.

*Сабота, 18 јули 2026*

## 3. ШТО ВЕ ПРИДВИЖУВА

*„Возљубени, ако Бог нè возљуби така,*
*и ние треба да се љубиме еден со друг.*“
1. Јованово 4,11

Вселенските бродови, во вселенскиот простор надвор од Земјината атмосфера, ги движат мешавина од гориво кое произведува милиони килограми потисна сила. Автомобилите на формула 1 на трките се движат со просечна брзина од над 300 km/h, а трошат посебна мешавина на гориво.

Што е тоа што ги придвижува следбениците на Исус Христос да живеат побожен живот? Што нам, како христијани, ни дава сила да се љубиме еден со друг како што Тој нè љубел нас? Единствено Светиот Дух кој престојува во нас може да нè поттикне да правиме добри човекољубиви дела полни со простување и пожртвуваност, како што Исус тоа го правел, .

Апостол Јован напишал: *„Ако се љубиме еден со друг, Бог пребива во нас и љубовта Негова е совршена во нас*“. (1. Јованово 4,12); *„ И оној, што ги чува заповедите Негови, пребива во Него, и Тој – во него. А дека Тој пребива во нас, знаеме по Духот што ни Го дал.*” (1. Јованово 3,24)

Мајката го замолила својот помлад син да ѝ ги исчисти кондурите. Тој внимателно се трудел што подобро да ги исполира, сè додека на нив не останала ниту една дамка. За да му покаже колку го цени тоа, мајката му дала пет евра. Кога ги зела кондурите и сакала да ги обуе, таму имало нешто. Ги извлекла оние пет евра завиткани во хартија на која пишувало: „Мамо, еве ти ги парите. Јас тоа го направив од љубов кон тебе!“

Поттикнати од Светиот Дух и придвижени од Христовата љубов и ние можеме да им служиме на другите. Му благодариме на Бога што прв нè возљуби и ни ја покажа својата љубов во Исуса Христа, нашиот Спасител. И денес нека ни помогне повторно да го доживееме тој ист поттик во заедницата со Него.

*Сабота, 25 јули 2026*

## 4. ЦРКВАТА ВО СВЕТОТ

*„Тие што се беа распрснале, сега одеа наоколу благовестувајќи го словото.“*

Дела 8,4

Во едно списание можеле да се видат фотографии на луѓе како си одат од црква по богослужба. Под своите раце ги носеле своите големи Библии и се смешкале. Зградата останала на своето место, која тие ја сметале за „црква“. Меѓутоа, тие тули и клупи не можат да проповедаат, ниту да сведочат за Исуса Христа. Тоа го можат единствено луѓето. Тие се вистинската црква.

Таму каде што се наоѓаат христијаните, Божјиот народ под водство на Исуса Христа и неговиот Дух, таму е и Црквата.

Тоа е суштината на налогот што Исус им го дал на своите ученици пред да замине од Земјата. Им ја ветил моќта на Светиот Дух и им рекол да бидат негови сведоци во Ерусалим, Јудеја, Самарија и се до крајот на земјата (Дела 1,8). И кога првата христијанска црква ја снашло прогонство во Ерусалим, токму тоа и се случило. Биле распрснати и го проповедале Евангелието на Божјата реч каде и да се движеле.

Кога Христовите верници ќе си заминат од богослужение, тие се мешаат меѓу народот кој ги опкружува. Во текот на седмицата, тие и понатаму се Црква, во светот, во продавниците, домовите, рестораните. И се прашувам, дали народот го слуша Евангелието од таа Црква?

Вистинската Христова Црква не може да не биде сведоштво. Тоа мора да се види и да се слушне, а ќе има и што да се види и да се слушне кога Божјата љубов ја поттикнува на дело. Да му дозволиме на Бога и оваа сабота повторно да нè исполни со својата љубов.

*Сабота, 1 август 2026*

## 5. ПРОБАЈ И ЌЕ ВИДИШ

*„Бојте се од Господа, вие Негови свети, зашто нема скудност за оние што се бојат од Него.“*
Псалм 34,9

Ми се допаѓа изјавата на Давид. За себе рекол: „Го барав Господа и Тој ме послуша, ме избави од сите мои стравови“ (Псалм 34,6). Тоа е многу силно сведоштво во прилог на Божјата моќ која се покажала во неговиот живот. Тоа е токму она што во нас би требало да го видат нашите соседи кои не се христијани, за и тие да посакаат да го примат Исуса Христа за личен Спасител. Најуверливиот доказ за вистинитоста на спасението е личноста која востановила дека Исус Христос може да ја задоволи и најголемата човекова потреба.

Читав за атеист кој жестоко го нападнал христијанството на еден поголем собир. Тој кажал: „Ако некој може да ми докаже дека не сум во право, нека дојде на оваа бина“. По долго молчење, еден постар човек тргнал кон бината. „Докажете ми дека не сум во право“, рекол атеистот. Без ниту еден збор, стариот човек извадил од џебот еден портокал, мирно почнал да го лупи и го изел пред сите. Потоа овој христијанин се свртел кон атеистот и го прашал: „Како ви се допадна?“ „Па, како би можел да знам кога јас не го вкусив?“ „Точно рековте“, одговорил христијанинот, „а јас ви покажав што заклучив за христијанството. Го пробав и сфатив дека многу е вкусно“.

Ако од ден во ден живееме со Бога, со животот и зборовите ќе сведочиме дека Исус навистина ги задоволува сите наши потреби според Неговата совршена волја. Псалмистот рекол дека треба да проговорат оние кои Господ ги спасил. И нашето сведоштво би требало да биде: „Пробај, ќе ти се допадне“. Ако не, тогаш навистина не сме го запознале Господа. Денес е време да се сетиме на сè што направил Тој за нас.

*Сабота, 8 август 2026*

## 6. ЗГРАПЧЕТЕ ЈА МОЖНОСТА

*„А Филип ја отвори устата и почнувајќи од тоа Писмо, му проповедаше за Исуса.“*

Дела 8,35

Една ученичка била присутна во училиштето кога директорот им зборувал на учениците за потребата да им проповедаме на другите за Исуса Христа. И додека го слушала, решила нешто да преземе во своето одделение. Му се молела на Бога да ѝ се укаже можност да стори нешто.

Следниот ден, еден од професорите на кој му досадило сѐ што се случувало во училиштето, влегол во одделението и рекол „Доста ми е од сѐ! Веќе сум уморен и немам сила да ги подучувам тие дечишта кои не покажуваат никаква почит кон училиштето. Ако некој од вас може да ми каже во што се состои животот и која му е целта, тогаш, ајде, проговорете!“

На негово изненадување, споменатата девојка ја дигнала раката и му рекла дека одговорите на таквите прашања ги пронашла во Исуса Христа. Професорот, кој не бил верник, ја повикал да остане по наставата и да му ги објасни своите уверувања. Кога му предложила да дојде на евангелизација во црквата, се согласил. Тој петок навечер, професорот го прифатил Исуса Христа за свој личен Спасител и поверувал во Него, а денес е активно вклучен во христијанската служба.

Оваа девојка ја прифатила вистината што Бог ѝ ја открил - исто како тогаш кога Филип го сретнал високиот етиописки службеник. Можеби рацете ќе ни се испотат и устата ќе ни се исуши, додека им сведочиме на неверните. Но, кога Бог ни дава прилика да им зборуваме на другите за Него, треба да ја искористиме! Преку нас нека сведочи самиот Исус - преку својот Дух. Да ја искористиме секоја можност да се ставиме на располагање Бог да нѐ употреби на негова слава.

*Сабота, 15 август 2026*

## 7. ДОМАШНА МИСИЈА

*„Туку ќе примите сила кога Светиот Дух ќе слезе на вас и ќе Ми бидете сведоци како во Ерусалим, така и во цела Јудеја, и во Самарија, и сè до крајот на земјата.“*

Дела 1,8

Едно утро се шетав на брегот на морето и здогледав еден средовечен маж како седи во водата во плиткото. Додека се подигнуваше, видов дека при секое движење поднесува големи болки. Ми покажа дека сака со мене да разговара, па зачекорив во плиткото да му се приближам. Колку само беше огорчен! Како млад студирал право и по завршувањето на студиите бил подготвен да отвори адвокатска канцеларија, но неочекувано бил повикан во војска, за време на Втората светска војна. Додека бил во војска заработил тешка болест која од него направила инвалид и нерасположен човек. Сега пред мене го отвораше своето срце, обвинувајќи го целиот свет, па дури и мене, за својата состојба. Солзи му течеа низ образите, и во лутина удираше по површината на водата. Почувствував дека му е потребно да дознае за Божјата љубов. Му реков сè што знаев за Радосната вест, за Христовото спасение. Го прашав: „Дали би сакале да се обидете да се надевате во Христа како личен Спасител?“ Бев возбуден кога ми одговори: „Да сакам!“ И токму таму, на брегот, во плиткото, под јакото сонце, тој се молеше. Кога заврши, ме погледна и ми рече нешто што ме запрепасти: „Сфаќате ли дека никогаш никој со мене не разговарал вака?“

Тој образован човек, роден и воспитан во христијанско општество, никогаш не слушнал за спасоносната Божја милост. Ви се чини неверојатно, зар не? А што би било кога некој би ве запрашал: „Кога некому си му зборувал за спасоносната Божја милост која е во Исуса Христа?“ Во нашето одушевување да го придобиеме мнозинството за Христа, не смееме да заборавиме на човекот кој е веднаш тука покрај нас.

*Сабота, 22 август 2026*

## 8. ЉУБОВТА Е НАЈГЛАСНА

*„Не гледајте секој само на своето, туку секој нека гледа на она што се однесува за другите.“*
Филипјаните 2,4

Еден американски мисионер боледувал од туберкулоза и се лекувал во Индија, во општинската болница. Останатите пациенти и персоналот гледале на него како на богат Американец кој само им го зафаќа болничкиот кревет, кој им е толку потребен на домородците. Нивното непријателство било многу очигледно, додека одбивале да ги читаат христијанските трактати што им ги нудел.

Една ноќ, во два часот по полноќ, еден многу болен Индијанец со голема напор се извлекувал од креветот за да отиде до тоалет, но бил преслаб. Наскоро можела да се почувствува смрдеата што доаѓала од неговата постела. Другите пациенти викале по него. Болничарките се лутеле, бидејќи морале да го измијат. Една дури и го удрила.

Следната ноќ, старецот повторно се обидел да стане, но повторно паднал на креветот. Почнал да плаче. Американецот, иако и самиот слаб, му пришол, го подигнал и го однел до тоалетот, а потоа го вратил назад во неговиот кревет.

Каква ли само промена настанала на тоа одделение во болницата! Еден пациент на Американецот му сварил индиски чај, кажувајќи му дека сака да го прочита неговиот трактат за христијанството. Болничарките, стажистите и лекарите барале да им даде трактати, а посебно книгичката - Евангелие според Јован. Наскоро неколкумина го прифатиле Христа. Што ја предизвикало таа промена? Преку постапката на мисионерот се откривал Спасителот, кој никогаш не гледал кој е кој, туку на себе го зел ликот на слуга и станал сличен на луѓето. Ете што може некогаш да направи едно единствено дело на љубов и сочувство кон оние кои страдаат. Наше е да правиме, а Бог нека даде на крајот да се радуваме на промените кај оние кои треба да Го запознаат.

*Сабота, 29 август 2026*

## 9. ДОВЕДЕТЕ ГИ!

*„И господарот му рече на слугата: „Излези по патиштата и по оградите и натерај ги да дојдат, за да се наполни мојот дом.“*
Лука 14,23

Некои христијани сметаат дека, ако подигнат некоја грандиозна црковна градба и на неа стават натпис дека тоа е христијанска црква и дадат оглас во весниците, неверниците ќе навалат да дојдат во неа. Но, тоа не се случува. Во Евангелието се наоѓа порака дека мораме да излеземе надвор, меѓу луѓето, и со тоа стануваме одговорни за нашите пријатели и соседи. Мораме да се обидеме да допреме до изгубените грешници и да ги доведеме кај Христа.

Во минатиот век луѓето изнајмувале клупи за црквата. Еден ден, еден млад проповедник поминувал меѓу клупите во црквата, а потоа зад него марширала чета луѓе кои биле презрени и отфрлени од општеството. Изнајмил неколку редови клупи за да ги исполни со оние на кои навистина им била потребна духовна храна. Сериозно го сфатил Христовиот налог да излезе на патиштата и меѓу оградите и да го натера народот да дојде во црква. Меѓу нив имало добри и лоши луѓе.

Исусовата заповед се однесува на сите нас. Лично и секојдневно треба да му бидеме на располагање на Бога, да Го молиме да нè научи и да нè употреби радосната вест за спасението во Исуса Христа да им ја однесеме на оние каде Бог ќе ни ја отвори вратата. Да побараме од Бога да ни го стави товарот на грижа за нашите пријатели, соседи или некој што ќе го сретнеме. Да им послужиме со нашите дарови во пригодите кои ќе се отворат.  Бог и денес нека нè потсети на сè она што го направил за нас, нека нè исполни со радост и нека ни помогне да ја споделиме со другите.

*Сабота, 5 септември 2026*

## 10. БЛАГОРОДНИ ПРИМАТЕЛИ

*„Самарјанката Му рече: 'Како Ти, Јудеец, бараш од мене, Самарјанка, да пиеш?' Имено, Јудејците не општеа со Самарјанците?“*
Јован 4,9

Во денешниот пример од Новиот завет го наоѓаме Исуса многу уморен, гладен и жеден. И тој бил човечко суштество како нас. Воедно бил и Бог и можел да ја задоволи секоја своја потреба со божествената моќ и без ничија помош. Меѓутоа, Исус во сè се изедначил со нас луѓето додека бил на земјата. Тој со благодарност им дозволил на учениците да одат во набавка на храна, додека тој седел, чекал и се одмарал. И кога дошла Самарјанката, инаку жена со сомнителен морал, за да нацрпи вода од бунарот, тој го направил она што многумина од нас би се двоумеле да го направат – ја замолил да му даде вода.

Еден автор напишал: „Со години не ја сфаќав важната лекција што произлегува од Исусовата постапка, сè додека Бог не ме поучи преку пријателите. Причината за тоа беше подмолната себичност поради која не дозволуваме другите да ни помогнат. Еден ден тој пријател сакаше да ми направи некоја услуга, а јас, по обичај, тоа го одбив. Очаен ми рече: Знаеш што, ти си неблагодарен примател! Веднаш ја увидов својата грешка. Вистина, секогаш настојував да живеам според Исусовите зборови: ’Подобро е да даваш, отколку да примаш!’ Меѓутоа, неволјата беше во тоа што не сакав да бидам несебичен, секогаш јас морав да бидам дарител.

Сите сакаат да го доживеат благословот на дарувањето, но често во тоа ги оневозможуваме бидејќи ја одбиваме нивната помош. Да научиме да бидеме благородни во примањето, како што знаеме да бидеме и благородни дарители, токму како Исус.

*Сабота, 12 септември 2026*

## 11. ПРОТИВ СТРУЈАТА

*„Немојте да се прилагодувате со овој свет; туку, преобразувајте се преку обновувањето на вашиот ум, за да можете да ја дознаете која е добрата, угодна, и совршена Божја волја!“*

Римјаните 12,2

Двајца студенти на ликовна уметност насликале голема фреска на ѕидот во ходникот од спалната соба во студентскиот дом. Сликата прикажувала големо јато риби кое се движело во една насока, освен една риба која пливала спроти нив.

Таа една риба симболички требало да го прикаже Исуса Христа. Под сликата биле напишани следните зборови: „Тргни против струјата“. Управникот на студентскиот дом сметал дека таа слика може да ги заведе христијаните, па им наредил на студентите да го пребојат ѕидот.

Во послушноста на нашиот Учител, мораме да бидеме подготвени да се движиме против струјата на мнозинството во денешното општество. И додека го следиме Исуса Христа, нашите побуди, вредности и навики треба да бидат поинакви од нехристијанските. Така било и во првиот век, кога паганите биле изненадени и укорени од начинот на живот на првите христијани. Апостолот Павле напишал: *„Затоа тие и се чудат што не се дружите со нив во тој ист неуреден живот, и хулат на вас“* (1. Петрово 4,4).

Кога чекориме според тактот на вториот тапанар, ќе бидеме во расчекор со останатите околу нас. За такво нешто е потребно цврсто верување, храброст и постојаност. Но, со Божја помош и милост можеме да бидеме поинакви и поинаку да дејствуваме.

Бог нека ни помогне да пливаме против струјата на овој свет, за да можеме Нему, и на целиот свет да му ги покажеме вистинските вредности.

*Сабота, 19 септември 2026*

## 12. НЕ Е ЗАБОРАВЕН

*„И мнозина дојдоа при Него и рекоа: 'Јован не направи ниедно чудо, но сè што рече Јован за Него, беше вистина.'"*
Јован 10,41

Јован Крстител бил мртов веќе две години, а сеќавањата за неговата служба веќе почнале да бледнеат. Меѓутоа, додека народот се собирал околу Исуса, близу до местото каде што и Јован го поучувал народот, се сетиле на сè што тој рекол за Исус, па забележале: *„Сè што рече Јован за Него, беше вистина*".

Повеќето од нас живеат речиси незабележлив живот. Ние не сме никакви чудотворци но, сепак, можеме да зборуваме со луѓето околу нас за Исуса. Можеме да укажеме на Него и да кажеме: *„Еве го Божјото Јагне, кое ги зема гревовите на светот!"* (Јован 1,29)

Наша должност е да бидеме сведоци за сè што сме дознале за Христа, а резултатите на тоа сведочење треба да му ги препуштиме на Бога, Тој да дејствува. И кога тоа ќе го направиме, ќе ги постигнеме највозвишените цели во животот. И кога еднаш ќе умреме, нашите зборови би можеле да допрат до нечиј ум и таа личност да ја доведеме до Божјото јагне. Како семе кое е закопано во земјата, Божјата реч може да ни изгледа како да спие со години. Но, еден ден ќе изникне и ќе ја пренесе својата порака на луѓето во вечноста со Христа.

Затоа треба да бидеме верни во насочувањето на луѓето кон Христа. И кога еднаш веќе нема да бидеме во живот, сведоштвото кое може да биде врежано на нашиот надгробен камен може да гласи: „Не направи ниту едно чудо, но се што зборуваше за Исус Христос беше чиста вистина!"

*Сабота, 26 септември 2026*

## 13. СТРАВ ОД ИДНИНАТА

*„Исус Христос е ист вчера, и денес, и довека.“*
Евреите 13,8

Проповедникот, чии проповеди привлекувале илјадници луѓе, ненадејно умрел во 46. година. од животот. Во една своја проповед рекол: „Кога часовникот ќе го отчука своето време за мене, јас ќе отидам. До тогаш не морам да се плашам од ништо. Свесен сум за Божјите ветувања кои се исполнуваат, бидејќи не еднаш сум ги доживеал во својот живот. Исус сè уште нè поучува, води и штити, исцелува и теши, и поради тоа во потполност му се предавам и се надевам во Неговата моќ и сила“.

Браќа и сестри, дали и ние го делиме истото ова уверување? Можеме ли, секој од нас поединечно, да го кажеме она што кажал и псамистот Давид: *„Моите денови се во Твојата рака!”* (Псалм 31,15). Дали сме потполно уверени дека Бог нè држи во својата семоќна рака? Можеме ли искрено да кажеме: *„Господ ми е помошник, нема да се плашам, што може да ми направи човек?”* (Евреите 13,6)

Вистина е дека често сме загрижени за иднината, се плашиме што ќе ни донесе утрешниот ден. А и Библијата нè потсетува на иднината со овие зборови: „Вие, кои не знаете што ќе биде утре!“ (Јаков 4,14). Меѓутоа, свесни сме дека без оглед на тоа што може да ни се случи, Бог секогаш ќе биде со нас, како што стои во Евреите 13,5: „Никогаш нема да те напуштам, ниту ќе те оставам!“ Тоа сознание го олеснува секој наш товар и загриженоста за утрешнината.

Некој вид мачнина во врска со смртта е нормална. Но, со Божја милост и утеха што ни ја дава Светиот Дух, можеме храбро да се соочиме со утрешниот ден како и со иднината која можеби ни изгледа застрашувачка. Да не заборавиме што на-

прави Господ за нас. Да се сетиме на сите Негови благослови и дела на милост. Тоа нека ја обновува нашата сила и нека ни дава елан во деновите што ни претстојат. Амин.

ГРАДИВО 3/2026
**Уводни стихови**

Излегува тримесечно

**Издава:**
Управниот одбор на
Христијанската
адвентистичка црква
во Р. Македонија

**Превод и
техничка обработка:**
Мелита Томовска

**Одговара:**
Илија Киров

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**